Република Северна Македонија
Национална установа
СПОМЕН КУЌА НА
ТОДОР ПРОЕСКИ
Бр. 01-36/3
14.07 2022 год.
КРУШЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
СПОМЕН КУЌА
ТОДОР ПРОЕСКИ
КРУШЕВО

ШЕСТ МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАВРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА СПОМЕН КУЌА НА ТОДОР ПРОЕСКИ - КРУШЕВО ЗА 2022 г.

Според одредбите од Законот за култура и Законот за музеи, а во склад со Статутот на установата, директорот на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево, должен е да подготви и достави до Министерството за култура на РСМ полугодишен извештај за реалзиација на годишната програма за работа на установата за 2022 г.Извештајот се состои од наративен дел во кој се опишани активностите во перод од 01.01.2022 до 30.06.2022 и финансиски дел со показатели за динамиката во реализацијата на годишната програма за работа за 2022г. на Буџетски средства и средства од сопствени извори.

**Буџетска сметка 603**

**I.**Според договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево за 2022 од областа на **музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство,** бр.31-1437/1 од 04.02.2022г. министерството обезбедува од Буџетот на РСМ средства со вкупен износ од **3.792.964,оо мкд.** и тоа за

1. **Програмски активности на установата** – реализација на **проектот** „Спомен куќата на Тоше – чувар на спомените, животот и делото на најголемата македонска поп икона" во износ од **100.000,оо мкд – (**Проектот според доставената динамика за реализација ќе се реализира септември 2022 во соработка со Музејот на македонската народноослободителна борба во Скопје)
2. **Материјални трошоци**

   **400.000,оо** за реализација на програмата – **( потрошени 185.477,оо мкд)**
   **2.432.964,оо** за исплата на средства за семејството Проески за изнајмување на личните работи на Тоше **( исплатени 1.216.482,оо мкд)**

3. **Електрична енергија и комунални услуги**

   **600.000,оо –** ел. енергија **( потрошени 447.882,оо мкд )**

   **60.000,оо –** комунални услуги **(потрошени 47.334,оо мкд)**

4. **Исплата на опремнина и парична помош во случај на смрт на вработен - 200.000,оо мкд**

**II.** Според договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево за 2022 од областа на **музичко и музичко – сценската дејност,** бр.21-1342/1 од 04.02.2022 г. министерството обезбедува од Буџетот на РСМ средства со вкупен износ од **229.000,оо мкд.** и тоа за

**Програмски активности на установата при реализација на два проекти**

НУ „Спомен- куќа на Тодор Проески"-Крушево NI "Memorial house Todor Proeski"-Krusevo

Тел./Tel. +389 48 477 888 e-mail: spomenkuka_tose@yahoo.com ул. „Никола Карев" бб - 7550

1. „Ангел си ти " – одбележување на 41 роденден на Тоше – **90.000,оо мкд** (целосно реализиран и исплатен, со доставен оперативен и финансиски образец со пропратни фактури до Вас)
2. 30 години од прпвиот настап на Тоше на Залатно Славејче со песната „Мојот дедо" испеана на влашки јазик - = **139.000,оо мкд** ( според динамиката за реалзиација на Годишната програма предвиден за реализација во ноември 2022)

**Сопставена сметка 787**

Согласно Програмата за работа на НУ Спомен куќа на Тодор Проески 2021 – 2024 г. која директорот Лефкија Гажоска ја поднесе на јавниот конкурс за избор на директор и која е составен дел од четиригодишните програмски активности, во периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 год. исполнувајќи ја својата основна дејност – музејска, продажба на влезници и продажба на други артикли поврзани со ликот и делото на Тоше ( ЦДа од неговата богата музичка кариера, привезоци и магнети со ликот на Тоше, привезоци и магнети со обликот на Спомен куќата, пенкала со потпис на Тоше, чаши со негов лик и други предмети кои ги набавуваме согласно соработката со ДООЕЛ Енџел мјузик) , но и продажба на кафе и пилајоци во кафе барот на музејот, **остварен е приход од 779.030,оо мкд.**

Овие средства се искористени за реализација на бројни програмски активиности за одбележување на значајни датуми од музичката кариера на Тоше Проески, за материјално и тековно одржување на објектот, како и за реализација на позитивните законски обврските од Законот за култура и Колективниот договор за култура.

1. За достојно одбележување на 41 роденден на Тоше на 25 јануари 2022 година освен средствата кои ги одобри Министсретсвото за култура од 90.000,оо со проектот „Ангел си ти", од сопствени стредства установата издвои уште 72.700,оо за транспортни трошоци на бендовите, камерниот оркестар од Битола и Скопје, за солистите кои настапуваа, за набавка на венци и букети свежо цвеќе, за мала закуска во спомен куќата и за ручек, вечера на сите учесници во настанот, исто така за печатење на програма и плакати за промовирање на настанот, набвка и печатење на мици со ликот на Тоше и исплата на 10% персонален данок на сите учесници во настанот.
2. „Ден за нас" е името на настанот посветен на 14 февруари кога Тоше ја наполни белградска Арена. По тој повод во Спомен куќата настапија неколку реномирани машки солисти (Борис Цветаноски, Никола Зацески, Омар Џафероски, Матеј Тушески) во придружба на локалниот бенд „ИнВиктус" . Средствата за нивниот настап, патни трошоци, печатење на програма и плакати, скромна локална закуска за учесниците и присутните на настанот, беа обезбедени од сопствени средства на установата во висина од 35.000,оо мкд.
3. На 15 ти февруари кога се одбележува Светскиот ден за борба на децата со ракот, Спомен куќата им подари 30 плишани играчки на децата на клиниката за деттски болести – Скопје. 12.000,оо мкд.
4. За 11 годишнината од отворањето на Спомен куќата на Тоше Проески реализиравме поетско – ликовен и музички настан со името „Мојот и твојот непребол" . Изложени беа делата на несекојдневната уметница Снежана Лазарова Луна, во музичка придружба на исклучителниот Горан Папаз и со поезијата на поетесата Светлана Папачек од Битола. Исплатени беа средства во висина од 23.000,оо мкд за реалзиацција на настанот (плакати, постери, програми, дизајн и печатење, коктел закуска и пијалок, хонорари и патни трошоци за учесниците на настанот, транспортни трошоци за изложбата, за сместување на уметниците и др.).
5. Распишавме конкурс за доставување на поезија поврзана со настапот на Тоше на Евровизија во Турција, а на наградената творба и подаривме биографија на Тоше, „Ова не е крај". 1000.мкд

6. Во соработка со општина Крушево и НВО „Здрушение за туризам и угостителство“ учествувавме во поставување на цвеќе на улицата Тоше Проески и во волонтерската акција за чистење на улицата и на деттското игралиште кое е во непосредна близина на спомен куќата. Средствата во висина од 20.000,оо мкд. се исплатени од сопствена сметка.
7. Во јуни бевме партнери во реализација на два големи настани музичкиот фестивал за класична гитара „Guitar Fest“ во соработка со НВО „Арт Кул“ и 5километарската градска трка „Krusevo run“ и НВО „Центар за хумани односи. Од сопствени средства беа покриени дел од трошоци за печатење на програми, банер, сместување на дел од учесниците на настаните, пијалок и закуска за атлетичарите, во висина од 20.000,оо мкд.
8. Организатори бевме на малата ликовна колонија и ликовна изложба „За Тоше и Крушево “ од 25- 27 јуни на реномираниот уметник Мики Трендафилоски и неговите пријатели, академски уматници од Македонија, кои три дена твореа во спомен куќата на Тоше, а создадените дела ги подарија на Спомен куќата. Од сопствени средства беше покриен целокупниот нивни ангажман, (материјали за работа, транспорт, превоз, сметување и храна) во висина од 22.000,оомкд.
9. На 29 јуни со голем хуманитарен концерт, го одбележавме денот кога за првпат Тоше го наполни Градски Стадион во Скопје, кој денес го носи неговото име. Концертот беше заедничка организација и реализација со непрофитното здружение „Игри без граници“ од Битола со медиумска покриеност од јавниот сервис на МРТВ. На концертот настапија Никола Зацески, Марија Груеска, Елена Петроска, Денис Димоски, локалниот бенд „ИнВиктус“ и „Мелем“ од Битола. Настанот го посети бројна домашна публика и наиде на добар одзив кај нив. Средствата беа употребени за печатење, за закуска, за ноќевање на екипата на МРТВ и на учесниците во настанот. Вкупно = 10.000,оо

Значи за вкупно 9 настани во сопствена режија на НУ Спомен куќа на Тодор Проески и во партнерство со локални установи и здруженија на граѓани издвоени се средства во висина **од 215.700,оо мкд.**

За тековни набавки и тековно одржување, за набавка на канцелариски материјал и средства за дезинфекција и хигиена, за ел. енергија и телекомуникациски услуги, за правн апомош, за управен одбор и сметководствено работење потрошени се средства во висина од **514.300,оо мкд и** тоа како што следи

-ел.енергија 73.000,оо
- комуна 13.000,оо
- Телеком – 20.300,оо
- бонус плата на обезбедувањето за работа над 150 часа – 133.000,оо мкд.
- книговодствени услуги – 17.000,оо
- надоместок за членови на У.О – 13.000,оо
- правна помош и застапување – 66.000,оо
- набавка на униформа за вработени – 18.000,оо
- печатење на влезници и кеси – 13.000,оо
- набавка на магнети, привезоци со ликот на Тоше и набавка на CD Тоше – 75.000,оо
- набавка на биографија за Тоше – 34.000,оо
- набавка на канцелариски материјал, сервисирање на фискална, ПТТ услуги, котизација на обуки, патни трошоци – 39.000,оо мкд.

Лефкија Гажоска

НУ Спомен куќа на Тодор Проески

14.07.2022 г

Крушево

НУ „Спомен- куќа на Тодор Проески“-Крушево NI ”Memorial house Todor Proeski”-Krusevo

Тел./Tel. +389 48 477 888 e-mail: spomenkuka_tose@yahoo.com ул. „Никола Карев“ бб - 7550